

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ**

# ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА УЧЕБНИЦИ ЗА ОСНОВНО И СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО ИЗБРАНИ ДРЖАВИ -

**-компаративен преглед-**

Есељ Лукрис
Аналитичар и истражувач по компаративно право и правни системи

Мај 2023 година

# СОДРЖИНА

РЕЗИМЕ ..... 2
ВОВЕД ..... 4
I ПОСТАПКА НА ОДОБРУВАЊЕ УЧЕБНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА ..... 4
II ПОСТАПКА НА ОДОБРУВАЊЕ УЧЕБНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА ..... 7
III ПОСТАПКА НА ОДОБРУВАЊЕ УЧЕБНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА ..... 11
IV ПОСТАПКА НА ОДОБРУВАЊЕ УЧЕБНИЦИ ВО ЦРНА ГОРА ..... 13
V ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ УЧЕБНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА ПОЛСКА ..... 15
I.1 Обезбедување учебници ..... 16
I.1.1 Модел „државна субвенција“ ..... 17
I.1.2 Модел „обезбедување учебници од државен буџет“: отворени е-учебници ..... 17
VI ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ УЧЕБНИЦИ ВО РОМАНИЈА ..... 19
I.2 Обезбедување учебници ..... 19
I.2.1 Модел „алтернативни учебници“ (1996-2017) ..... 20
I.2.2 Модел на „државно претпријатие“ (2018) ..... 21
ЛИСТА НА ИЗВОРИ ..... 23

**РЕЗИМЕ**

Проблемот со кој се соочува македонскиот образовен систем во однос на учебниците е се поистакнат во последните учебни години. Имено, зголемениот број на текстуални, содржински и графички грешки беа доволен фактор да настане вознемиреност кај сите засегнати страни во образовниот процес (систем) почнувајќи од родителите, учителите, учениците па се до пошироката јавност. Покрај горенаведените фактори, чест е и проблемот кој се јавува при печатењето и дистрибуцијата на учебниците кои недостигаат на училишните клупи. Токму затоа, Министерството за образование и наука заедно со Педагошката служба иницираат изработка на нов закон за учебници. Изработката на новиот закон е сè уште во почетна фаза и се прибираат предлози и забелешки од експертската јавност. Министерството очекува наскоро да биде објавена и првата нацрт верзија на новиот закон, но до тогаш ќе се применуваат одредбите од сегашниот Закон за основно и средно образование. Во овој компаративен преглед се опфатени постапките за одобрување (издавање) учебници во **Република Србија, Република Словенија, Република Хрватска како и Црна Гора**. Како примери на земји каде што се практикувале различни модели на постапки на одобрување учебници се наведени и **Република Полска** и **Романија**, каде што низ текот на годините се менувале методите за одобрување на учебници. Во секоја држава различен е филтерот низ кој поминуваат училишните учебници пред да бидат конечно одобрени. Така на пример, во **Србија**, стручна оцена за квалитетот на ракописите од учебниците ја дава стручна комисија формирана од редот на вработените во **Заводот за унапредување на образование и обука**. Доколку ракописот на учебникот има грешки, истиот се враќа на издавачот на ревизија. Издавачот е должен да ги отстрани забележаните недостатоци и да го врати коригираниот ракопис на Заводот. *Крајната одговорност за сите грешки во учебниците паѓа на товар на издавачот, а не на авторот*. Во **Словенија**, **Советот на експерти** го одобрува учебникот. Имено, Советот назначува **Комисија за учебници**. Во **Хрватска**, постапката за утврдување на усогласеноста на учебниците со соодветните наставни програми и меѓунаставни теми ја спроведуваат **стручни комисии** што ги именува министерот. Доколку министерот добие позитивното мислење од стручната комисија тој донесува решение за одобрување на употреба на учебникот. Во **Црна Гора**, **Националниот совет** формира постојани и привремени работни тела. Постојани работни тела се: Комисија за општо образование; Комисија за стручно образование; и Одбор за образование на возрасни. Привремени работни тела се: комисии, експертски групи и други работни тела. Со **Правилникот за постапките за набавка, евалуација, одобрување и подготовка на учебници и наставни средства е пропишана постапката за добивање, вреднување, одобрување и изготвување на учебници и наставни средства** кои се користат во установите од областа на образованието. Во **Полска**, Министерството за образование ги одобрува комерцијалните учебници кои се усогласени со Основната наставна програма, додека пак во **Романија**, државно претпријатие, организира конкурс за автори, а **Специјализирана**

**комисија**, составена од наставници и специјалисти од областа на образованието е надлежна за оценување учебници.

***Графикон 1: Постапка за одобрување учебници во Република Северна Македонија***[1]




[1]Закон за учебници за основно и средно образование(„Службен весник на Република Македонија" бр. 98/08, 99/09, 83/10, 36/11, 135/11, 46/12 24/13, 120/13, 29/14, 146/15, 217/15, 30/16 и 21/18), член 16, 17, 17а и 18, пристапено на 7.4.2023

## ВОВЕД

Предмет на оваа истражувачка работа е компаративниот преглед на законската регулатива во избрани држави која се однесува на постапката на одобрување учебници.

Оваа истражувачка работа е изработена **по сопствена иницијатива**, согласно *Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт.*

## I ПОСТАПКА НА ОДОБРУВАЊЕ УЧЕБНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Во Србија, право на објавување на учебници, прирачници, дополнителни наставни средства и дидактички помагала, има јавно претпријатие, претприемач или друго правно лице регистрирано за издавачка дејност.[2] Согласно Законот за учебници[3] постои **Каталог на одобрени учебници** и одобрениот учебник кој е вклучен во Каталогот може да се користи наредната учебна година. Каталогот на учебници се објавува најдоцна до 15 февруари на официјалната веб-страница на Министерството за образование и во „Службен весник на Република Србија - Образовен весник“.
Каталогот на одобрените учебници ги содржи следните информации:
1) наслов на учебникот;
2) назив на предметот и вид на училиште за кое е наменет учебникот;
3) име/имиња на автор/и на учебник;
4) број и датум на издавање на решението за одобрување на ракописот од учебникот;
5) јазикот и писмото на кои е објавен учебникот;
6) полно име на издавачот;
7) забелешка дека учебникот е адаптиран, како и видот на адаптацијата.
Доколку новата програма за настава и учење стапила во сила по 1 јуни во годината што ѝ претходи на годината во која ќе се применува, **Каталогот на учебници**, односно делот што се однесува на учебници одобрени според новата програма за настава и учење, се објавува по добивање на стручна оцена на сите ракописи од учебници кои се доставени на евалуација, во рок од 150 дена од денот на влегувањето во сила на новата програма за настава и учење.
Министерството се грижи за ажурирање на Каталогот на учебници во текот на целата година. **Каталогот на учебници не се ажурира додека трае постапката за избор на учебници во рок од 60 дена од денот на објавувањето на Каталогот на учебници, освен за учебници кои се одобрени со вештачење и заради исправка на технички грешки.**[4]

---

[2]Zakon o udžbenicima („Службен весник на Република Србија“ 27/2018) https://www.paragraf.rs/propisi/zakon-o-udzbenicima.html, член 14, пристапено на 10.4.2023
[3]Zakon o udžbenicima („Службен весник на Република Србија“ 27/2018) https://www.paragraf.rs/propisi/zakon-o-udzbenicima.html, пристапено на 29.3.2023
[4]Zakon o udžbenicima („Службен весник на Република Србија“ 27/2018) https://www.paragraf.rs/propisi/zakon-o-udzbenicima.html, член 19, пристапено на 29.3.2023

Барањето за одобрување на **ракопис од учебникот** издавачот го поднесува до Министерството за образование и истото може да го поднесе во текот на целата година. Кон барањето, издавачот во печатена и електронска форма доставува:

1) графички, ликовно и технички дизајниран учебник во пет примероци;
2) извештај во пет примероци;
3) решение од надлежниот орган со кое на издавачот му се усвојува ракописот од учебникот;
4) согласност од издавачот со кое им овозможува на јавниот издавач и на наставниците бесплатно да ги користат содржините на учебникот избран од нивното училиште, со цел да го приспособат учебникот според индивидуалниот образовен план за ученици со пречки во развојот;
5) согласноста од издавачот со кое му овозможува на јавниот издавач бесплатно да ја користи содржината на учебникот за издавање учебници на јазикот и писмото на националното малцинство во случај на избор на тој учебник;
6) согласност од издавачот дека при изборот на тој учебник ќе му овозможи на јавниот издавач бесплатно да ја користи содржината на учебникот заради издавање адаптиран учебник за ученици со пречки во развојот и пречки во развојот доколку издавачот не ја прифаќа обврската за адаптација на самиот учебник.

Министерството го доставува ракописот на учебникот до **Заводот за унапредување на образование и обука,** во четири примероци, во печатена и електронска форма во рок од десет дена од денот на приемот на ракописот на учебникот од издавачот.[5] **Стручна оцената за квалитетот на ракописите од учебниците** ја дава **стручна комисија формирана од редот на вработените во Заводот** без право на надоместок. Заводот или Покраинскиот завод доставува стручна оценка до Министерството или до Покраинскиот секретаријат во рок од **60 дена** од денот на приемот на ракописот од Министерството за образование. Заводот пред да даде стручна оцена, доколку ракописот има грешки, повторно му го враќа ракописот на учебникот на издавачот за ревизија, со образложение за сите воочени грешки со цел истите да се отстранат. Издавачот е должен да ги отстрани забележаните недостатоци и да го врати коригираниот ракопис на Заводот, во три примерока во електронска и печатена форма **во рок од десет работни дена од денот на приемот на ракописот на редакција**. Доколку издавачот не го достави коригираниот текст на ракописот на учебникот во законски утврдениот рок, се смета дека се откажал од барањето за одобрување на ракописот на учебникот, за што Заводот го известува Министерството. Заводот врз основа на образложена стручна оцена дава предлог за прифаќање или отфрлање на барањето за одобрување на ракописот и истиот заедно со образложената стручна оцена го доставува до Министерството за образование и до издавачот. Сите стручни оценки се објавуваат на официјалната веб-страница на Заводот во рок од 15 дена од денот на донесувањето на одлуката за одобрување на ракописот на учебникот.

[5] Zakon o udžbenicima („Службен весник на Република Србија“ 27/2018) https://www.paragraf.rs/propisi/zakon-o-udzbenicima.html, член 22, пристапено на 29.3.2023

Доколку Заводот не достави стручна оцена до Министерството во **рок од осум дена** од истекот на рокот за поднесување на стручната оцена, министерот бара од Заводот во рок од три дена од денот на приемот на барањето да поднесе стручна оцена. По исклучок, доколку Заводот не достави стручна оцена и по дополнителниот рок од три дена, министерот, во рок од осум дена од истекот на дополнителниот рок формира **Комисија за изработка на стручна оцена** од редот на соодветните стручњаци. Стручната оцена комисијата ја доставува до министерот **во рок од 20 дена** од денот на приемот на ракописот. Министерот, врз основа на стручната оцена на комисијата, во рок од осум дена донесува решение за прифаќање или отфрлање на ракописот на учебникот.[6] Издавачот кој не се согласува со стручната оценка може во рок од осум дена од денот на добивањето на стручната оцена да поднесе барање до Министерството за вештачење на ракописот од учебникот. Надлежниот совет формира тричлена стручна комисија составена од стручни лица од соодветната област за која се поднесува барање за вештачење во ракописи од учебници. Во стручната комисија не можат да бидат именувани лица кои учествувале во изработката на стручната оцена на ракописи од учебници. Стручната комисија дава образложено стручно мислење во писмена форма, кое надлежниот совет го доставува до Министерството во рок од 45 дена од приемот. Стручната комисија одлучува со мнозинство гласови.[7]

Министерот го одобрува ракописот на учебникот на предлог на Заводот, односно врз основа на стручно мислење, доколку е спроведена вештачењето на ракописот на учебникот.[8]

**Издавачот чиј учебник е вклучен во Каталогот на учебници**, покрај обврските утврдени со прописите за издавање публикации и прописите за задолжителни примероци на публикации, обврзан е да:

1) издава учебник според одобрениот ракопис;

2) обезбеди учебници во доволен број примероци според наведените потреби на училиштата за учебната година во која е објавен Каталогот на учебници;

3) го стави **учебникот достапен на продажната мрежа, најдоцна до 15 август во тековната учебна година;**

4) да достави примерок од одобрениот учебник до Заводот најдоцна до 15 август во годината во која учебникот првпат е објавен во Каталогот на учебници;

5) по налог на министерот да го достави ракописот од учебникот до јавниот издавач;

6) исплати средства во износ од 2% од нето-приходот остварен од продажба на учебници во претходната календарска година најдоцна до 31 март во тековната година, доколку не издаде мал тираж на учебници.[9]

---

[6] Zakon o udžbenicima („Службен весник на Република Србија“ 27/2018) https://www.paragraf.rs/propisi/zakon-o-udzbenicima.html, член 23, пристапено на 29.3.2023

[7] Zakon o udžbenicima („Службен весник на Република Србија“ 27/2018) https://www.paragraf.rs/propisi/zakon-o-udzbenicima.html, член 26, пристапено на 29.3.2023

[8] Zakon o udžbenicima („Службен весник на Република Србија“ 27/2018) https://www.paragraf.rs/propisi/zakon-o-udzbenicima.html, член 28, пристапено на 29.3.2023

[9] Zakon o udžbenicima („Службен весник на Република Србија“ 27/2018) https://www.paragraf.rs/propisi/zakon-o-udzbenicima.html, член 38, пристапено на 29.3.2023

## II ПОСТАПКА НА ОДОБРУВАЊЕ УЧЕБНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА

Во Словенија, сите официјално признати програми се објавуваат од страна на Министерството за образование, наука и спорт најмалку шест месеци пред нивното спроведување или шест месеци пред повикот за упис.[10] Учебниците кои се користат се одобрени од соодветниот **Совет на експерти.** За постапката за изработка и одобрување на учебниците одлучува министерот.[11] Владата, формира **совети на експерти** кои одлучуваат за стручни прашања во специфични области на образованието и кои обезбедуваат стручна поддршка во донесувањето одлуки и развивањето регулативи: Совет на експерти на Република Словенија за **општо образование**; Совет на експерти на Република Словенија за **стручно и техничко образование**; Совет на експерти на Република Словенија за **образование на возрасни**.

Соодветните претседатели и членови на советите на експерти ги именува Владата на Република Словенија со мандат од шест години, со можност за повторно именување.[12] Во одредени области советите на експерти можат да формираат комисии, експертски групи и други работни тела.[13]

**Советот на експерти за општо образование на Република Словенија** се состои од **претседател и дваесет и шест члена**. Владата именува шеснаесет членови од редот на стручните лица за предучилишно образование, основно образование и средно општо образование; десет стручњаци за човечки, општествени, природни и технички науки и за уметност, од кои девет се именуваат на предлог на универзитетите и еден по предлог на независни високообразовни институции.[14] Советот на експерти за општо образование меѓу останатите законски одредени надлежности е задолжено да обезбеди образовни програми и образовни програми од општо образование, да обезбеди распореди и предметни каталози на знаења за гимназиите и за матурскиот испитен курс, да обезбеди упатства за приспособена имплементација на образовните програми и сл.[15]

Одобрувањето на ракописите на учебниците подетално се регулира со **Правилникот за одобрување на учебници.[16]** Имено, советот на експерти го одобрува учебникот кој :

---

[10] Organisation and Financing of Education Act, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, член 14, https://zakonodaja.sio.si/wp-content/uploads/sites/10/2011/08/OFEA_npb_170605.pdf пристапено на 30.3.2023

[11] Organisation and Financing of Education Act, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, член 21, https://zakonodaja.sio.si/wp-content/uploads/sites/10/2011/08/OFEA_npb_170605.pdf пристапено на 30.3.2023

[12] Organisation and Financing of Education Act, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, член 22, https://zakonodaja.sio.si/wp-content/uploads/sites/10/2011/08/OFEA_npb_170605.pdf пристапено на 30.3.2023

[13] Organisation and Financing of Education Act, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, член 23, https://zakonodaja.sio.si/wp-content/uploads/sites/10/2011/08/OFEA_npb_170605.pdf пристапено на 30.3.2023

[14] Organisation and Financing of Education Act, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, член 24, https://zakonodaja.sio.si/wp-content/uploads/sites/10/2011/08/OFEA_npb_170605.pdf пристапено на 30.3.2023

[15] Organisation and Financing of Education Act, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, член 25, https://zakonodaja.sio.si/wp-content/uploads/sites/10/2011/08/OFEA_npb_170605.pdf пристапено на 30.3.2023

[16] Regulations on the approval of textbooks, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=PRAV7745# , пристапено на 30.3.2023

- ✓ е во согласност со целите на образовниот систем во Република Словенија;
- ✓ во однос на целите, стандардите на знаење и содржината е усогласен со важечката наставна програма или каталози на знаење;
- ✓ е во согласност со современото познавање на професијата или професиите што го дефинираат предметот или професионалната област;
- ✓ во согласност со нормите и критериумите донесени од Институтот за образование на Република Словенија придонесува за намалување на тежината на училишните чанти;
- ✓ е погоден за развојното ниво и возраста на учесниците во образованието;
- ✓ е лингвистички исправен и соодветен, технички адекватен и естетски и визуелно соодветно дизајниран.[17]

И во Словенија постои **Каталог на одобрени учебници** и истиот се објавува на веб-страницата на Министерството за образование, наука и спорт. За тековното ажурирање на податоците за одобрувањето на учебниците се грижат **Институтот за образование на Република Словенија, Центарот за стручно образование и Андрагошкиот центар.[18]** Во каталогот се објавени насловот на учебникот, часот или годините, предметите, содржинско-дидактичките делови и програмите за кои е наменет, презимето и името на авторот или преведувачот, издавачот и годината на одобрување.[19] Советот на експерти назначува **Комисија за учебници.** Комисијата за учебници во процесот на одобрување на учебниците ги врши следните работи:

- ✓ подготвува стручни основи за оценување на материјалите;
- ✓ изготвува обрасци кои овозможуваат соодветно оценување на ракописи на учебници:
  1. образец за поднесување предлог-учебник,
  2. формулар за оценки на рецензентите,
  3. образец за проценка на развојната психолошка адекватност за учебници од првиот образовен период;
  4. образец за оценување на јавната установа за усогласеноста на учебникот со целите, стандардите на знаење и содржината дефинирани во наставната програма или каталогот на знаења, оценка за методолошката и дидактичката соодветност и соодветност на учебникот на развојното ниво и возраста на учесниците во образованието,
  5. образец за изготвување предлог решение за одобрување учебник;
- ✓ утврдува дали предлогот за одобрување на учебникот ги опфаќа сите елементи на пријавата;

---

[17] Regulations on the approval of textbooks, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, член 3, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=PRAV7745# , пристапено на 30.3.2023

[18] Надлежни јавни институции - **Институтот за образование на Република Словенија, Центарот за стручно образование на Република Словенија и Андрагошкиот центар на Република Словенија**

[19] Regulations on the approval of textbooks, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, член 5, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=PRAV7745# , пристапено на 30.3.2023

- ✓ за секој предметен учебник изготвува образец со предлог одлука за одобрување или неодобрување на учебникот и го испраќа до надлежниот стручен совет;
- ✓ утврдува дали има причини за објавување на учебникот во повеќе делови;
- ✓ врши и други работи во врска со валидацијата на учебниците.

**Комисијата[20] ги доставува предлозите на обрасците до советот на експерти за одобрување.[21] Надлежните јавни институции** еднаш годишно подготвуваат предлог за нови учебници, проценуваат дали учебникот за поединечен предмет или содржинско-дидактичко збир е конзистентен со наставната програма или каталогот на учебници, проценуваат дали учебникот е методично и дидактички соодветен и дали е лингвистички исправен и адекватен и сл. **Надлежниот јавен институт** оформува оценка за усогласеноста на учебниците со целите, стандардите на знаење и содржините дефинирани во наставната програма и најдоцна **во рок од 45 дена** од денот кога комисијата писмено побарала. Оценката заедно со целокупната документација ја проследува до Комисијата. Доколку Комисијата не добие оценка во овој рок, секретарот на комисијата писмено го известува министерството надлежно за образование.[22]
На предлог на јавните институции, **Министерството ја објавува потребата од нови учебници во основните и средните училишта** за секој поединечен предмет еднаш годишно (обично во април) на својата веб-страница. Предлагачот на учебникот доставува на одобрување ракопис на учебникот кој содржи:

- ✓ ракопис на учебник во финален формат 1:1 со потписи на рецензентите кои ја завршиле рецензијата, а за е-учебникот печатен дел од предлог текстот за е-учебник со потписи на рецензентите кои ја завршиле рецензијата, преглед, без дополнителни е-материјали кои ги дополнуваат текстовите на дел од учебникот,
- ✓ лингвистички подреден текстуален дел,
- ✓ насловната страница на учебникот, на која исто така јасно е означен предметот или дидактичката содржина, часот, годината, училиштето и програмата за која е изготвен учебникот.[23]

**Пријавениот учебник мора да биде разумно дополнет и коригиран во согласност со коментарите и препораките на рецензентите избрани од издавачот.[24]** Доколку предлагачот не ја достави целата документација, секретарот на комисијата писмено ќе побара од него да ја достави документацијата која недостасува **во рок од пет работни** дена по приемот на материјалот. Процесот на потврда започнува дента кога ќе биде доставена

[20] Комисија-Комисија за учебници
[21] Regulations on the approval of textbooks, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, член 7, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=PRAV7745# , пристапено на 30.3.2023
[22] Regulations on the approval of textbooks, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, член 8, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=PRAV7745# , пристапено на 30.3.2023
[23] Regulations on the approval of textbooks, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, член 9, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=PRAV7745# , пристапено на 30.3.2023
[24] Regulations on the approval of textbooks, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, член 10, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=PRAV7745# , пристапено на 30.3.2023

целосно потребната документација.[25] Секретарот на комисијата најдоцна **во рок од петнаесет дена** по приемот на комплетната документација го испраќа доставениот работен предлог на учебникот до надлежниот јавен институт и бара писмено да се изготви оценка.

**Комисијата може да добие дополнителна оценка од стручно лице и да ја преиспита целокупната документација.[26]** Комисијата испраќа предлог за одобрување или отфрлање на учебникот до Советот на експерти. Комисијата подготвува предлог за одлука **во рок од 90 дена** од приемот на комплетната пријава. Доколку учебникот треба да се дополни, Комисијата го известува предлагачот за своите наоди и истовремено одредува рок од 30 дена за отстранување на недостатоците. За сите ново настанати промени Комисијата е должна да го информира Советот на експерти.[27] **Заклучоците на советот за експерти** за одобрени учебници се објавуваат во каталогот на одобрени учебници. Издавачот е должен да го објави учебникот во содржина и формат одобрени од надлежниот совет на експерти.[28] По одобрувањето на учебникот, одобрението на истиот важи четири години од објавувањето на промената на наставната програма или каталозите на знаење.[29]

Доколку по објавувањето на учебникот, Комисијата за учебници утврди дека е изработен поинаку од наведеното во конечната пријава за одобрување или поинаку од наведеното во одлуката на надлежниот совет на експерти, ќе го извести предлагачот да го поправи учебникот во рокот определен од комисијата. За ова, комисијата ја известува и надлежната јавна институција. Доколку учебникот не може да се коригира или предлагачот не го коригира во рокот, комисијата му предлага на советот на експерти одобрението на учебникот да се поништи со решение за поништување. Доколку по објавувањето на учебникот, Комисијата добие известување за наводни професионални грешки во веќе одобрениот учебник, назначува рецензенти кои даваат повторна оцена за усогласеноста на учебникот со современите познавања на професијата или професиите. Доколку од прегледите се види дека учебникот содржи стручни грешки, решението за одобрување на учебникот се поништува, а трошоците за дополнителната рецензија ги покрива предлагачот на учебникот.[30]

Надзорот во однос на спроведувањето на одредбите од Правилникот го врши Инспекторатот за образование и спорт на Република Словенија.[31]

---

[25] Regulations on the approval of textbooks, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, член 12, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=PRAV7745# , пристапено на 30.3.2023

[26] Regulations on the approval of textbooks, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, член 13, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=PRAV7745# , пристапено на 30.3.2023

[27] Regulations on the approval of textbooks, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, член 14, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=PRAV7745# , пристапено на 30.3.2023

[28] Regulations on the approval of textbooks, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, член 15, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=PRAV7745# , пристапено на 30.3.2023

[29] Regulations on the approval of textbooks, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, член 16, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=PRAV7745# , пристапено на 30.3.2023

[30] Regulations on the approval of textbooks, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, член 18, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=PRAV7745# ,пристапено на 30.3.2023

[31]Regulations on the approval of textbooks, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, член 20, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=PRAV7745# , пристапено на 30.3.2023

## III ПОСТАПКА НА ОДОБРУВАЊЕ УЧЕБНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Министерството за наука и образование на Република Хрватска, **доставува јавна покана за измена на Каталогот на одобрени учебници** со која наведува за кои учебници може да се аплицира. Каталогот за одредена паралелка и предмет може да се менува откако учебниците ќе бидат во употреба **најмалку четири години**, освен ако промените на наставната програма не бараат претходна промена. Рокот за поднесување пријава на јавниот повик не може да биде пократок **од 90 дена од** денот на објавувањето на повикот.

Кон пријавата правното лице (издавачот) е должно да приложи:

- ✓ пристап до електронски учебник за четири лица и/или четири примероци од печатен учебник;
- ✓ концизен приказ на концептот на ракописот на учебникот со укажување на содржинско-методолошки основи врз кои се заснова учебникот во пристапот кон развивање на компетенциите на ученикот;
- ✓ резиме на методолошки и стручен преглед;
- ✓ изјава за лингвистичката и графичката организација на текстот;
- ✓ **изјава од одговорното лице дека одговара за сите грешки што се појавуваат во учебникот и дека ќе ги исправи на свој трошок.**[32]

Постапката за утврдување на усогласеноста на учебниците со соодветните наставни програми и меѓунаставни теми ја спроведуваат **стручни комисии** што ги именува министерот. **Составот на стручните комисии е таен**, а начинот на работа, постапката и критериумите за избор на членови ги пропишува министерот со пропис. По завршувањето на постапката за одобрување учебници, списокот на членови на стручни комисии распоредени по азбучен ред се објавуваат на веб-страницата на Министерството за наука и образование.[33] По приемот на пријавата за нов учебник, стручната комисија дава мислење за усогласеноста на учебникот со предметната наставна програма и правилникот, најдоцна **во рок од 90 дена** од датум на приемот на пријавата. Доколку учебникот не е усогласен со предметната наставна програма и правилникот, како и во случај на други недостатоци од техничка природа, стручната комисија го враќа учебникот на издавачот еднаш пред да даде стручно мислење за ревизија заради отстранување на констатираните недостатоци. Издавачот е должен да ги исправи недостатоците и да го достави учебникот до Министерството **во рок од 15 дена** од денот на доставувањето на ревизија. Доколку учебникот по ревизијата не е усогласен со предметната наставна програма и доколку барателот не ги отстрани недостатоците, стручната комисија ќе донесе **негативно стручно мислење.** Министерот врз основа на негативното мислење на стручната комисија донесува **решение за одбивање** односно учебникот не се одобрува за употреба и истиот нема да биде вклучен во каталогот на учебници. Доколку министерот добие позитивното

[32]Zakon o udžbenicima i drugim obrazovnim materijalima za osnovnu i srednju školu, член 6, https://www.zakon.hr/z/1747/Zakon-o-ud%C5%BEbenicima-i-drugim-obrazovnim-materijalima-za-osnovnu-i-srednju-%C5%A1kolu , пристапено на 3.4.2023

[33]Zakon o udžbenicima i drugim obrazovnim materijalima za osnovnu i srednju školu, член 7, https://www.zakon.hr/z/1747/Zakon-o-ud%C5%BEbenicima-i-drugim-obrazovnim-materijalima-za-osnovnu-i-srednju-%C5%A1kolu , пристапено на 3.4.2023

мислење од стручната комисија тој донесува **решение за одобрување** на употреба на учебникот во училиштата, а со тоа се одобрува истиот да биде вклучен во каталогот на учебници.[34]

Во **Каталогот** се вклучени само учебниците кои со одлука на Министерот се одобрени за употреба во училиштата. Каталогот содржи:

- ✓ наслов на учебникот, име и презиме на авторот или група автори;
- ✓ името на рецензентот кој го извршил методолошкиот и стручниот преглед;
- ✓ податоци за редовниот број и година на објавување;
- ✓ целосното име на правното лице на издавачот или издавачот;
- ✓ предмет, паралелка, тип на училиште и програма за која е одобрен учебникот;
- ✓ масата на печатениот материјал во грамови;
- ✓ крајната малопродажна цена на учебникот со нагласен процент од цената на електронскиот дел.

Министерството ги објавува измените на Каталогот на својата веб страница најдоцна до 1 јуни.[35] Во училиштата може да се користат само учебниците кои се наоѓаат во Каталогот на одобрени учебници. Изборот на учебници за училишна употреба се врши во годината во која се менува Каталогот и тоа само за оние предмети и паралелки за кои новиот учебник е одобрен и внесен во Каталогот.[36]

Министерството по службена должност или на барање на издавачот поведува постапка за бришење на учебниците од Каталогот:

- ✓ доколку се утврди дека учебникот повеќе не е усогласен со современите научни сознанија и научни теории;
- ✓ доколку не е усогласен со предметната наставна програма;
- ✓ доколку се утврди дека учебникот содржи неточни и застарени информации кои значително влијаат на веродостојноста на содржината и кои ги наведуваат учениците до погрешни заклучоци или го попречуваат стекнувањето знаења и сл.[37]

**Стручната комисија** е должна да ја утврди усогласеноста на учебниците за основните и средните училишта со одредбите од Законот за учебници и други образовни материјали за основните и средните училишта, наставната програма по предметите и со соодветните наставни програми и стандарди. Членовите на стручната комисија мора да дадат поединечно стручно мислење во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето за оценување на учебниците доставено до министерството за образование. Доколку се појават недостатоци или

[34]Zakon o udžbenicima i drugim obrazovnim materijalima za osnovnu i srednju školu, член 8, https://www.zakon.hr/z/1747/Zakon-o-ud%C5%BEbenicima-i-drugim-obrazovnim-materijalima-za-osnovnu-i-srednju-%C5%A1kolu , пристапено на 3.4.2023

[35]Zakon o udžbenicima i drugim obrazovnim materijalima za osnovnu i srednju školu, член 9, https://www.zakon.hr/z/1747/Zakon-o-ud%C5%BEbenicima-i-drugim-obrazovnim-materijalima-za-osnovnu-i-srednju-%C5%A1kolu , пристапено на 3.4.2023

[36]Zakon o udžbenicima i drugim obrazovnim materijalima za osnovnu i srednju školu, член 10, https://www.zakon.hr/z/1747/Zakon-o-ud%C5%BEbenicima-i-drugim-obrazovnim-materijalima-za-osnovnu-i-srednju-%C5%A1kolu , пристапено на 3.4.2023

[37]Zakon o udžbenicima i drugim obrazovnim materijalima za osnovnu i srednju školu, член 15, https://www.zakon.hr/z/1747/Zakon-o-ud%C5%BEbenicima-i-drugim-obrazovnim-materijalima-za-osnovnu-i-srednju-%C5%A1kolu , пристапено на 3.4.2023

грешки, стручната комисија преку министерството, стручното мислење го доставува до издавачот и истиот е должен да ги отстрани недостатоците и да го достави учебникот на Министерството во рок од 15 дена од приемот на стручното мислење, заедно со одговор на сите коментари на секој член на експертската комисија. Ажурираниот учебник со јасно наведени измени и коментари, стручната комисија го анализира и во рок од седум дена од приемот на ажурираниот учебник издава **конечно стручно мислење** за учебникот со образложение кое содржи јасни причини за донесување на таквото вештачење (мислење). Стручната комисија донесува конечно стручно мислење со мнозинство гласови од вкупниот број членови на стручната комисија. Ако од која било причина член на стручната комисија не може да изврши стручна оцена на учебникот во предвидениот рок или се утврди дека постои судир на интереси, министерот може да го разреши и да назначи член за замена.[38]
Надзорот во однос на спроведувањето на одредбите од Законот за учебници и други образовни материјали за основно и средно образование припаѓа на Инспекторатот за образование на министерството. [39]

## IV ПОСТАПКА НА ОДОБРУВАЊЕ УЧЕБНИЦИ ВО ЦРНА ГОРА

Постапката за добивање, оценување, одобрување и изготвување на учебници и наставни средства се спроведува согласно прописот на Министерството за образование.[40] Во Црна Гора постои т.н. **јавно важечката образовна програма** кое ја донесува Министерството, на предлог на **Националниот совет за образование кој се избира за период од четири години**[41].[42]
Програмите се објавуваат три месеци пред почетокот на нивната примена.[43]
Националниот совет формира **постојани** и **привремени** работни тела. Постојани работни тела се: Комисија за општо образование; Комисија за стручно образование; и Одбор за образование на возрасни. Привремени работни тела се: комисии, експертски групи и други работни тела.[44]
Со **Правилникот за постапките за набавка, евалуација, одобрување и подготовка на учебници и наставни средства**[45] е пропишана постапката за добивање, вреднување, одобрување и изготвување на учебници и наставни средства кои се користат во установите од областа на образованието.

---

[38]Pravilnik o udžbeničkom standardu te članovima stručnih povjerenstava za procjenu udžbenika i drugih obrazovnih materijala, член 13, https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2019_01_9_196.html , пристапено на 5.4.2023
[39]Zakon o udžbenicima i drugim obrazovnim materijalima za osnovnu i srednju školu, член 19, https://www.zakon.hr/z/1747/Zakon-o-ud%C5%BEbenicima-i-drugim-obrazovnim-materijalima-za-osnovnu-i-srednju-%C5%A1kolu , пристапено на 3.4.2023
[40]Opšti zakon oobrazovanju i vaspitanju, член 13, https://www.paragraf.me/propisi-crnegore/opsti-zakon-o-obrazovanju-i-vaspitanju.html, пристапено на 4.4.2023
[41]Национален совет за образование- Одлучува за стручни прашања и дава стручна помош во процесот на одлучување и подготовка на прописи од областа на образованието и истиот е формиран од Владата.
[42]Opšti zakon oobrazovanju i vaspitanju, член 22, https://www.paragraf.me/propisi-crnegore/opsti-zakon-o-obrazovanju-i-vaspitanju.html, пристапено на 4.4.2023
[43]Opšti zakon oobrazovanju i vaspitanju, член 25, https://www.paragraf.me/propisi-crnegore/opsti-zakon-o-obrazovanju-i-vaspitanju.html, пристапено на 4.4.2023
[44]Opšti zakon oobrazovanju i vaspitanju, член 30, https://www.paragraf.me/propisi-crnegore/opsti-zakon-o-obrazovanju-i-vaspitanju.html, пристапено на 4.4.2023
[45]Pravilnik o postupku pribavljanja, ocjenjivanja, odobravanja i pripreme udžbenika i nastavnih sredstava, https://www.gov.me/dokumenta/a2e34a86-e14f-42c3-aa65-dccdfa319f8c , пристапено на 4.4.2023

Учебниците се избираат по пат на јавен оглас. Јавниот оглас мора да ги содржи следните елементи:

- ✓ име на учебникот;
- ✓ намената на учебниците за одреден предмет, односно област;
- ✓ рокот за предавање на ликовно-графички организиран ракопис во определен обем и содржина;
- ✓ рокот до кој мора да бидат објавени резултатите од конкурсот;
- ✓ обврска ракописот да се потпише со шифра, а авторството да се докажува со идентичен примерок од ракописот;
- ✓ начинот на преземање на материјалот неопходен за подготовка на учебниците;
- ✓ адресата на која се доставува ракописот;
- ✓ бројот на примероци од ракописот што треба да се достави и начинот на печатење;
- ✓ и други прашања од значење за стекнувањето на ракописи.[46]

Секој ракопис од учебникот е предмет на стручна оцена - рецензија. Рецензентска комисија која ја **именува издавачот**, врз основа на списокот на потенцијални рецензенти утврдени од надлежниот совет, дава рецензија за ракописот за учебникот.

Комисијата брои од пет до седум члена кои се надлежни за прегледување на ракописи за учебници, за:

- ✓ предучилишна установа, основно училиште и институт, најмалку два члена се научни работници, еден наставник кој го предава предметот или областа за која е изготвен учебникот, еден педагог и еден психолог;
- ✓ средно општо образование, стручно образование и образование на возрасни, најмалку двајца членови се научни работници, двајца наставници кои изведуваат настава по предметот или областа за која е изготвен учебникот и еден педагог.

Начинот на работа и одлучување на рецензентската комисија е подетално уреден со Деловникот за работа на рецензентската комисија. Надоместокот за работата на комисијата го обезбедува издавачот.[47] Рецензентската комисија ја доставува одлуката до издавачот и авторот. Во случај таа да одлучи да даде забелешки и предлози, ракописот мора да се дополни и коригира во согласност со препораките за датумот.[48] Барањето за одобрување на учебникот го поднесува издавачот. Барањето за одобрување на учебникот мора да содржи податоци кои го покажуваат предметот, класата, насоката, училиштето и степенот на образование за кој е изготвен учебникот. [49]

Националниот совет донесува одлука за одобрување на учебници за употреба. Советот е должен на барателот да му го достави решението за одобрување

[46] Pravilnik o postupku pribavljanja, ocjenjivanja, odobravanja i pripreme udžbenika i nastavnih sredstava, член 5 и член 6, https://www.gov.me/dokumenta/a2e34a86-e14f-42c3-aa65-dccdfa319f8c , пристапено на 4.4.2023

[47] Pravilnik o postupku pribavljanja, ocjenjivanja, odobravanja i pripreme udžbenika i nastavnih sredstava, член 8 и член 8а, https://www.gov.me/dokumenta/a2e34a86-e14f-42c3-aa65-dccdfa319f8c , пристапено на 4.4.2023

[48] Pravilnik o postupku pribavljanja, ocjenjivanja, odobravanja i pripreme udžbenika i nastavnih sredstava, член 9, https://www.gov.me/dokumenta/a2e34a86-e14f-42c3-aa65-dccdfa319f8c , пристапено на 4.4.2023

[49] Pravilnik o postupku pribavljanja, ocjenjivanja, odobravanja i pripreme udžbenika i nastavnih sredstava,член 10, https://www.gov.me/dokumenta/a2e34a86-e14f-42c3-aa65-dccdfa319f8c , пристапено на 4.4.2023

учебник најдоцна **осум дена** по донесувањето на одлуката.[50] Одлуката за одобрување учебник содржи:

- ✓ името на учебникот,
- ✓ името и презимето на авторот, односно групата автори;
- ✓ предмет, класа и вид на училиште за кое е одобрен учебникот.

Учебникот се одобрува за четири, а најмногу шест години.[51] Надлежниот совет го објавува списокот на одобрени учебници за наредната учебна година најдоцна до 1 март секоја учебна година.[52]
Надзорот над спроведувањето на одредбите од законот за Образование и Обука го врши Министерството за образование. Инспекциски надзор над работата на институциите врши надлежната просветна инспекција.[53]

## V ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ УЧЕБНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА ПОЛСКА

Во Полска, образованието е бесплатно и е задолжително за учениците од 0 до 8 одделение.[54] **Основната наставна програма** се утврдува со уредба на Министерството за образование. Основната наставна програма дефинира задолжителни образовни цели и ја дефинира содржина на образовниот процес. Програмата, исто така, ги дефинира специфичните барања во врска со знаењата и вештините, кои ученикот треба да ги стекне на одредено образовно ниво. **Врз основа на Основната наставна програма, училиштата и наставниците ги формираат своите наставни програми. На наставниците им е дозволено додека предаваат да користат учебници, работни тетратки, други образовни ресурси или пак воопшто да не користат какви било ресурси. Им се дава на слобода во изборот на учебници и имаат право и да не одберат учебници кои се добиваат преку системот за јавни набавки врз основа на државната субвенција.** Сепак, учебниците остануваат основниот наставен ресурс за поголемиот дел од наставниците, и во многу случаи комплетите учебници и работните тетратки се единствениот ресурс кои што се користи во образованиот процес. Учебниците треба да бидат одобрени од Министерството за образование. Одлуката за користење на школски учебник се носи врз основа на мислењето на образовните експерти ангажирани од Министерството за образование откако издавачот ќе достави учебник за одобрување. За да бидат одобрени, учебниците треба да се усогласат со Основната наставна програма. Тие можат да бидат или во хартиена или во дигитална форма. Нема ограничувања за бројот на учебници

[50] Pravilnik o postupku pribavljanja, ocjenjivanja, odobravanja i pripreme udžbenika i nastavnih sredstava,член 13, https://www.gov.me/dokumenta/a2e34a86-e14f-42c3-aa65-dccdfa319f8c , пристапено на 4.4.2023
[51] Pravilnik o postupku pribavljanja, ocjenjivanja, odobravanja i pripreme udžbenika i nastavnih sredstava,член 14, https://www.gov.me/dokumenta/a2e34a86-e14f-42c3-aa65-dccdfa319f8c , пристапено на 4.4.2023
[52] Pravilnik o postupku pribavljanja, ocjenjivanja, odobravanja i pripreme udžbenika i nastavnih sredstava,член 20, https://www.gov.me/dokumenta/a2e34a86-e14f-42c3-aa65-dccdfa319f8c , пристапено на 4.4.2023
[53] Opšti zakon oobrazovanju i vaspitanju, член 16, https://www.paragraf.me/propisi-crnegore/opsti-zakon-o-obrazovanju-i-vaspitanju.html, пристапено на 4.4.2023
[54] Податоците се преземени од Open textbooks in public education. Experience from Poland and Romania, страна 3 и страна 4, https://oerpolicy.eu/wp-content/uploads/sites/4/2018/10/textbooks-romania-and-poland-1.pdf , пристапено на 26.4.2023

за секој предмет за кој може да се издаде одобрение.[55]

## I.1 Обезбедување учебници

Со цел обезбедување учебници, во Полска до сега се воделе различни модели за набавување на истите.

- **До 2014 година: Школски учебници купени од родители**

До 2014 година, комерцијалните школски учебници ги купувале родителите, по избор на наставниците. Овој начин на набавување на учебници бил критикуван бидејќи трошоците биле на товар на родителите и биле големи. Ограничена државна субвенција имале семејствата кои биле во тешка материјална состојба.[56]

- **2011-2014: Обезбедување на учебници од државен буџет и државна субвенција за набавка на учебници**

Промените во системот за обезбедување учебници биле иницирани во 2011 година, кога владата ја започнала **програмата за е-учебници**. До 2014 година, Министерството за образование извршила ревизија на моделот за обезбедување учебници. Врз основа на новите правила, биле воведени четири начини на обезбедување учебници и тоа:

а. Учебниците за 1-3 одделение биле финансирани од државниот буџет, произведени, печатени и дистрибуирани од Министерството за образование под отворена лиценца;

б. Учебниците за 4-9 одделение биле набавувани од комерцијални издавачи со субвенции од државниот буџет;

в. Учебниците за 10-12 одделение биле купувани од страна на родителите од комерцијални издавачи;

г. Изработени отворени е-учебници со државен буџет.

Од 2015 година од кога се пуштени во употреба отворените е-учебници, се оформил еден сложен систем кој вклучил и експериментален начин на јавно обезбедување учебници за 1-3 одделение и пазарно обезбедување на учебници за 4-12 одделение. Отворените е-учебници во принцип може да се користат како единствен наставен ресурс, но во реалноста, повеќето наставници користеле субвенции за да набават комерцијални учебници за учениците.

[55] Ибид.
[56] Податоците се преземени од Open textbooks in public education. Experience from Poland and Romania, страна 4, https://oerpolicy.eu/wp-content/uploads/sites/4/2018/10/textbooks-romania-and-poland-1.pdf , пристапено на 27.4.2023

- **Од 2017 година: ревизија на моделот на обезбедување школски учебници од државен буџет**

Во 2017 година, владата во Полска престанала да обезбедува школски учебници од државен буџет за потребите на учениците од 1 до 3 одделение. Наместо тоа, бил воведен моделот заснован на јавна субвенција за набавка на школски учебници за сите одделенија од 1-9.[57]

### I.1.1 Модел „државна субвенција“[58]

***Графикон 2: 2011-2014: обезбедување на јавни учебници и државна субвенција за набавка на учебници***

| | |
|---|---|
| **РАМКА** | Министерството за образование ги одобрува комерцијалните учебници кои се усогласени со Основната наставна програма. |
| **ПАЗАРНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА УЧЕБНИЦИ** | Комерцијалните издавачи развиваат, печатат и дистрибуираат учебници. Училиштата ги купуваат со помош на државна субвенција. |
| **ЦЕНА** | Министерството за образование секоја година ги дефинира ценовните ограничувања за учебниците и работните тетратки. |
| **ИЗБОР** | Одборот на наставници во секое училиште колективно избира по еден учебник за секое одделение и предмет. Врз основа на нивните одлуки, комерцијалните учебници ги купува окружната администрација од комерцијални издавачи, користејќи субвенција од државниот буџет. |

### I.1.2 Модел „обезбедување учебници од државен буџет“: отворени е-учебници

Од 2014 година, полското Министерство за образование експериментирало со два различни модела за јавно обезбедување на учебници. Од 2014 година започнало производство на учебници за ученици од 1 до 3 одделение целосно финансирано од државен буџет. Учебниците биле произведени по пониска цена од комерцијалните алтернативи. Сепак, тие често се сметале за

[57] Податоците се преземени од Open textbooks in public education. Experience from Poland and Romania, стр. 5, https://oerpolicy.eu/wp-content/uploads/sites/4/2018/10/textbooks-romania-and-poland-1.pdf, пристапено на 27.4.2023
[58] Ибид

инфериорни по квалитет (иако никогаш не била спроведена официјална споредба или евалуација).

***Графикон 3: Јавно обезбедување школски учебници***[59]

| | |
|---|---|
| **РАМКА** | Јавните учебници биле одобрувани исто како и комерцијалните и требало да бидат усогласени со основната наставна програма. |
| **УЧЕБНИЦИ** | Печатените учебници за 1-3 одделение се произведувале од страна на Министерството за образование (вклучувајќи печатење и дистрибуција). Дигиталните учебници биле изработени од надворешни изведувачи (главно јавни универзитети) преку тендери спроведени од Министерството за образование. |
| **ИЗБОР** | Главните причини за прекинување на програмата за овој модел е немањето избор за печатени јавни учебници за учениците од 1 до 3 одделение. Од друга страна пак, во однос на отворените е-учебници, наставниците имале и имаат слобода да избираат меѓу печатените јавни учебници и комерцијални учебници (или да се користат и двете). |
| **УЧЕБНИЦИ - ОТВОРЕНИ ОБРАЗОВНИ РЕСУРСИ** | Учебниците морало да бидат достапни како ООР под лиценца Creative Commons Attribution. Дигиталните учебници мора да бидат достапни барем во еден отворен формат и да ги исполнат барањата за пристапност. |

- **2018: Обезбедување на финансии од државен буџет за Отворени образовни ресурси**

Обезбедување на финансии од државниот буџет за Отворени образовни ресурси од 2018 година продолжува, а за тоа се преземени одредени мерки.

- ✓ Поддршка за создавањето на јавни ООР[60], преку низа грантови програми поддржани со финансирање од ЕУ и од Европскиот социјален фонд.
- ✓ Отвореното лиценцирање е услов во сите поголеми грант програми кои финансираат развој на образовни содржини. Ваквите барања се присутни и во програмите за развој на дигитални вештини, финансирани преку грантови од Оперативната програма Дигитална Полска (Program Operacyjny Polska Cyfrowa).

[59] Податоците се преземени од Open textbooks in public education. Experience from Poland and Romania, стр. 7, https://oerpolicy.eu/wp-content/uploads/sites/4/2018/10/textbooks-romania-and-poland-1.pdf, пристапено на 27.4.2023

[60] ООР, Отворени образовни ресурси

- ✓ Националната образовна мрежа (Ogólnopolska Sieć Edukacyjna), ќе се состои не само од инфраструктура за пристап до широкопојасен интернет, туку и слој на образовни услуги. Мрежата ќе создаде и создава можност да се развие национално складиште за ООР како нејзин дел, на пример врз основа на платформата за е-учебници.[61]

## VI ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ УЧЕБНИЦИ ВО РОМАНИЈА

Во Романија, образованието е бесплатно и е задолжително за учениците од 0 до 9 одделение. 95% од учениците се запишани во јавните училишта за основно и средно образование (одделение 0-12). Државата обезбедува учебници и истите се бесплатни. Учебниците им се позајмуваат на учениците.[62] **Владата ја одобрува Националната рамка за наставни програми** врз основа на работата и препораките на национална експертска група.

**Министерството за образование одлучува за образовната содржина за секој предмет и наставно ниво користејќи ги препораките на специјализираните групи кои работат под Институтот за образовни науки (Јавен истражувачки центар при Министерството за образование). Наставната програма е задолжителна за сите наставници.**

Законски, учебниците се само еден од многуте можни образовни ресурси и наставниците можат слободно да ги користат или да не ги користат. Но, бидејќи тие се обезбедени бесплатно, и затоа што беа главниот, задолжителен ресурс повеќе од 70 години, учебниците продолжуваат да играат централна улога во јавното образование. Токму затоа многу наставници ги користат како главен, па дури и единствен ресурс во училницата.[63]

### I.2 Обезбедување учебници

- **До 1996 година: по еден официјален учебник за секој предмет** Историскиот модел, воведен пред Втората светска војна, а се применувал и за време на комунистичкиот режим и неколку години потоа. За секој предмет по еден учебник изработен од Министерството за образование и дистрибуиран во училиштата.
- **1996-2017: алтернативни учебници произведени од комерцијални издавачи**

  Министерството за образование по дадени упатства за учебници организирало тендери за избор на еден или повеќе учебници за секој предмет (во просек биле избирани 3, а најмногу 9). Комерцијалните

[61] Податоците се преземени од Open textbooks in public education. Experience from Poland and Romania, стр. 8 и стр. 9, https://oerpolicy.eu/wp-content/uploads/sites/4/2018/10/textbooks-romania-and-poland-1.pdf, пристапено на 27.4.2023

[62] Податоците се преземени од Open textbooks in public education. Experience from Poland and Romania, стр. 10, https://oerpolicy.eu/wp-content/uploads/sites/4/2018/10/textbooks-romania-and-poland-1.pdf, пристапено на 27.4.2023

[63] Ибид.

издавачи предлагале учебници. Наставниците имале право слободно да изберат кој било од одобрените учебници.

- **Од 2018 година: учебници произведени од државна компанија**

Од 2018 година почнал да се применува нов модел на обезбедување учебници. Државна (јавна) компанија ја откупува содржината на учебниците од авторите (поединци или издавачи) и ги изработува учебниците.[64]

### I.2.1 Модел „алтернативни учебници“ (1996-2017)

***Графикон 4: VII.1.1 Модел „алтернативни учебници“ (1996-2017)[65]***

| | |
|---|---|
| **РАМКА** | Министерството за образование ги објавува насоките и критериумите за оценување на учебниците (содржина и цена). |
| **ЈАВНА НАБАВКА** | Комерцијалните издавачи предлагаат пакет на услуги: учебник (целосно уреден), печатење, дистрибуција и (од 2011 година) дигитален учебник. |
| **ЕВАЛУАЦИЈА НА СОДРЖИНАТА** | Специјализирана комисија, составена од наставници и експерти за образование, добива анонимни учебници и ги оценува според објавените критериуми. Се одобруваат сите учебници кои поминуваат одреден праг. |
| **ЕВАЛУАЦИЈА НА ЦЕНАТА** | Од одобрените учебници за официјални учебници се сметаат само оние кои ги исполнувале критериумите за цена (под праг пресметан врз основа на просечните понудени цени), т.е. подобни за државни субвенции. Остатокот може да се користи на часови, но родителите мора да ги купат. |
| **КАТАЛОГ** | Официјалните учебници (кои ги исполнуваат критериумите за содржина и цена) се објавуваат во националниот каталог на учебници (од 2011 година, т.е. онлајн, на www.manuale.edu.ro ). |

[64] Податоците се преземени од Open textbooks in public education. Experience from Poland and Romania, стр. 11, https://oerpolicy.eu/wp-content/uploads/sites/4/2018/10/textbooks-romania-and-poland-1.pdf, пристапено на 27.4.2023

[65] Податоците се преземени од Open textbooks in public education. Experience from Poland and Romania, стр. 11 и 12, https://oerpolicy.eu/wp-content/uploads/sites/4/2018/10/textbooks-romania-and-poland-1.pdf , пристапено на 27.4.2023

| | |
|---|---|
| **ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИТЕ** | Секој наставник може слободно да избере кој било од учебниците во каталогот, во консултација со родителите. |
| **ЦЕНТРАЛИЗИРАНИ НАРАЧКИ** | Нарачките се централизирани на централно ниво и им се даваат на издавачите. Министерството ги плаќа трошоците за доставените учебници во училиштата. |

### I.2.2 Модел на „државно претпријатие“ (2018)

Идејата да се префрли на поцентрализиран модел се појавила во првата половина на 2017 година. Реформата имала неколку цели:

- да се овозможи Министерството да работи директно со авторите, со одвојување на производството и дистрибуцијата од создавањето содржина;

- да се подобри состојбата со авторските права, во две насоки: стекнување на права на интелектуална сопственост во јавниот домен и искористување на исклучокот за образование;

- да се стави крај на неправедните пазарни практики посочени од наставниците.

***Графикон 5: Модел на „државно претпријатие“ (2018)***[66]

| | |
|---|---|
| **РАМКА** | Министерството за образование ги објавува упатствата и критериумите за оценка на содржината на учебниците и утврдува фиксна такса за авторите. |
| **ЈАВНА НАБАВКА** | Државно претпријатие, организира конкурс за автори (поединци, групи поединци или компании). |
| **СОДРЖИНСКА ЕВАЛУАЦИЈА** | Специјализирана комисија, составена од наставници и специјалисти од областа на образованието е надлежна за оценување учебници. |
| **ИЗБОР НА НАСТАВНИЦИ** | Избраните учебници се објавуваат онлајн. Оној учебник кој добива најмногу поени од наставниците се прогласува за победник и станува основен учебник. |

[66] Податоците се преземени од Open textbooks in public education. Experience from Poland and Romania, стр. 15, https://oerpolicy.eu/wp-content/uploads/sites/4/2018/10/textbooks-romania-and-poland-1.pdf, пристапено на 27.4.2023

| | |
|---|---|
| **ПЕЧАТЕЊЕ И ДИСТРИБУЦИЈА** | Основниот учебник се печати и се дистрибуира. |
| **УЧЕБНИЦИ КАКО ООР** | Основниот учебник и другите избрани учебници мора да бидат достапни и онлајн, под отворена лиценца и истите мора да ги користат наставниците. |

Изработила: Есељ Лукрис

Одобрила: Ивана Трајановиќ Арсовска

Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарен институт

____________________________________

Златко Атанасов

# ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Zakon o udžbenicima (Службен Весник на Република Србија 27/2018) https://www.paragraf.rs/propisi/zakon-o-udzbenicima.html;
2. Organisation and Financing of Education Act, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, https://zakonodaja.sio.si/wp-content/uploads/sites/10/2011/08/OFEA_npb_170605.pdf;
3. Regulations on the approval of textbooks, Ministry of Education, Science and Sport of the Republic of Slovenia, http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=PRAV7745#;
4. Zakon o udžbenicima i drugim obrazovnim materijalima za osnovnu i srednju školu, https://www.zakon.hr/z/1747/Zakon-o-ud%C5%BEbenicima-i-drugim-obrazovnim-materijalima-za-osnovnu-i-srednju-%C5%A1kolu;
5. Pravilnik o udžbeničkom standardu te članovima stručnih povjerenstava za procjenu udžbenika i drugih obrazovnih materijala, https://narodne-novine.nn.hr/clanci/sluzbeni/2019_01_9_196.html;
6. Opšti zakon oobrazovanju i vaspitanju, https://www.paragraf.me/propisi-crnegore/opsti-zakon-o-obrazovanju-i-vaspitanju.html;
7. Pravilnik o postupku pribavljanja, ocjenjivanja, odobravanja i pripreme udžbenika i nastavnih sredstava, https://www.gov.me/dokumenta/a2e34a86-e14f-42c3-aa65-dccdfa319f8c;
8. Закон за независни училишта, https://lovdata.no/dokument/NLE/lov/2003-07-04-84 ;
9. Податоците се преземени од интернетската страница British Educational research Association od делот за, The norwegian curriculum context, https://bera-journals.onlinelibrary.wiley.com/doi/full/10.1002/curj.139 ;
10. Department of Teacher Education and School Research, University of Oslo, Norway, https://timssandpirls.bc.edu/timss2019/encyclopedia/pdf/Norway.pdf;
11. Act relating to Primary and Secondary Education and Training (the Education Act), https://lovdata.no/dokument/NLE/lov/1998-07-17-61;
12. Податоците се преземени од Open textbooks in public education. Experience from Poland and Romania, https://oerpolicy.eu/wp-content/uploads/sites/4/2018/10/textbooks-romania-and-poland-1.pdf


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384